**Народна банка на Република Македонија**

Дирекција за истражување

# Месечна информација
# 6 / 2007

Август, 2007 година

# С О Д Р Ж И Н А

**Позначајни економски настани и промени во законската регулатива во Република Македонија во јуни 2007 година** 4

**I. Движења во реалниот сектор** 6

**II. Монетарни движења** 8

**III. Надворешнотрговски и девизни движења** 10

**Прилог табели** 13

***Позначајни економски настани и промени во законската регулатива во јуни 2007 година***

- *Во периодот од 1 до 15 јуни беше спроведен пописот на земјоделството од страна на Државниот завод за статистика, преку кој се очекува да се обезбедат релевантни информации за бројот на индивидуалните земјоделски стопанства, вкупниот користен земјишен фонд за земјоделство, рибарство и шумарство, добиточниот фонд по видови и по категории, земјоделската механизација и опрема, агротехничките мерки според видот и површината на земјиштето на кое се применуваат, работната сила ангажирана во оваа дејност и сл.*

- *На 1 јуни достасаа за исплата редовните рати од постојните емисии на државните обврзници за денационализација.*

- *На 4 јуни во Белград беше потпишан Договор за купување на македонската осигурителна компанија „Вардар осигурување“ од страна на словенечката групација „Заваровалница Триглав“.*

- *На 11 јуни, според одлуката на Регулаторната комисија за енергетика, рафинериските и малопродажните цени на нафтените деривати беа зголемени во просек за 1,45% и 1,35%, соодветно („Службен весник на РМ“ бр. 72/2007), а според одлуката од 25 јуни беа зголемени во просек за 2,27% и 1,78%, соодветно („Службен весник на РМ“ бр. 79/2007).*

- *Во втората декада од јуни во Република Македонија се одвиваше подготвителна мисија на Светската банка, во која беше разгледуван напредокот во спроведувањето на реформите предвидени со третиот Програмски заем за развојни политики - ПДПЛ 3, кој предвидува поддршка на активностите за реформи во судството, пазарот на работна сила, бизнис опкружувањето и регулаторната реформа, реформи во финансискиот и банкарскиот сектор, здравството и процесот на децентрализација.*

- *На 11 јуни, Министерството за финансии изврши предвремена отплата на пет кредити кон Светската банка, во вкупен износ од 96,1 милион евра.*

- *На 12 јуни Агенцијата за кредитен рејтинг „Standard & Poor's“ го унапреди кредитниот рејтинг на Република Македонија за негарантиран долг во странска валута од „ББ+“ во „БББ-“, како резултат на новововедениот метод наречен „обнова на кредитен рејтинг“ во сегментот на способноста на земјите да го сервисираат негарантираниот долг во странска валута.*

- *На 12 јуни беше склучен договор помеѓу ЕСМ-ЕВН Македонија и Владата на Република Македонија за изградба на енергетски објекти во технолошко-индустриската развојна зона „Бунарџик“, при што оваа компанија ќе почне со изградба на 110-киловолтна трафостаница „Бунарџик“ и приклучен 110-киловолтен далекувод.*

- *На 12 јуни на Република Македонија ѝ беа одобрени средства во износ од 15 милиони евра од Светската банка, за проектот за зајакнување на земјоделскиот сектор. Овој проект треба да го подобри доделувањето на државната помош за земјоделскиот сектор на начин усогласен со претпристапните барања за влез во Европската унија.*

- *На 13 јуни започна изградбата на браната Кнежево на Осоговските Планини, како дел од хидросистемот Злетовица.*

- *На 14 јуни во Брисел се одржа четвртиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и Македонија.*

- *На 14 јуни започна организиран извоз на земјоделски производи од Македонија во Хрватска со посредство на хрватската компанија „Агрокор“. Во наредните две години се очекува оваа компанија да инвестира 200 милиони евра во изградба на повеќе откупни центри на земјоделски производи во Република Македонија.*

- *На 15 јуни Комисијата за берзански индекс изврши редовна ревизија на индексот МБИ - 10, при што се воведе ограничување во однос на уделот на поодделна акција во состав на индексот, кој не смее да надминува 25 проценти. Притоа, уделот на поединечна акција во индексот се утврдува така, што износот на пазарната капитализација на таа акција на денот на ревизија се дели со вкупната пазарна капитализација на сите акции во состав на индексот на денот на ревизија.*

- *На 28 јуни грчката компанија „Космотел Ко“ и бугарската компанија „Нексском Македонија“ добија одобренија за фиксен бежичен интернет-пристап на национално ниво, познат како WiMAX.*

- *На 29 јуни беше претставена Националната стратегија за развој на аграрот и на руралните средини во периодот 2007-2013 година, чии цели се: конкурентно земјоделство, производство на безбедна и на квалитетна храна и рационално искористување на земјиштето, шумите и на водата.*

- *Нови законски прописи:*

*- Закон за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007);*

*- Закон за ратификација на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција („Службен весник на РМ“ бр. 68/2007);*

*- Закон за ратификација на Протоколот кон Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемна заштита и поттикнување на инвестициите („Службен весник на РМ“ бр. 68/2007);*

*- Закон за ратификација на Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија („Службен весник на РМ“ бр. 69/2007);*

*- Закон за вработување и работа на странци („Службен весник на РМ“ бр. 70/2007);*

*- Закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на РМ“ бр. 72/2007);*

*- Закон за ратификација на Тристраната конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем меѓу Република Албанија, Република Бугарија и Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 74/2007);*

*- Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ“ бр. 77/2007);*

*- Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на РМ“ бр. 79/2007);*

*- Закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 79/2007);*

*- Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за вработување на сезонски работници („Службен весник на РМ“ бр. 81/2007).*

## I. Движења во реалниот сектор

Во јуни 2007 година, *стапката на инфлација* на месечна основа забележа минимално намалување од 0,1%, одразувајќи го главно падот на цените на стоките за лична потрошувачка, во услови на минимален пораст на цените на услугите. Негативната промена на инфлацискиот индекс во целост се должи на падот на цените во категоријата „исхрана“ (за 0,8% или продонес од 0,3 п.п. за вкупната месечна дефлација), пред сè како резултат на сезонскиот пад на цените на свежиот зеленчук. Минимален дополнителен придонес во иста насока имаа и намалените цени на средствата за образование и цените на услугите за образование и развој. Од друга страна, во насока на зголемување на инфлацијата делуваа цените во категоријата „сообраќајни средства и услуги“ (пораст од 0,7%, или придонес од 0,1 п.п., главно поради повисоките цени на нафтените деривати, во согласност со одлуките на Регулаторната комисија за енергетика - РКЕ од 28 мај и 11 јуни 2007 година), како и минималниот придонес на зголемените цени во категоријата „хигиена и здравје“.

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

На годишна основа, во јуни 2007 година, инфлацијата изнесуваше 1,3%, што услови минимално интензивирање на просечната стапка на инфлација (за 0,1 п.п.), која во периодот јануари-јуни 2007 година изнесуваше 0,9%. Во услови на зголемување на цените на стоките и пад на цените на услугите, просечната инфлација и натаму беше под влијание на истите детерминанти како и во првите пет месеци од годината (повисоки цени за греење и електрична енергија, пораст на цените на храната, како и на цените во категориите „култура и разонода“ и „ресторани и хотели“, при натамошен негативен придонес на цените во категоријата „сообраќајни средства и услуги“).

Во јуни 2007 година, *цените на производителите на индустриски производи*[1] забележаа зголемување во однос на претходниот месец за 1,1%. Месечниот пораст произлегуваше главно од повисоките цени на производителите на нафтени деривати (придонес од 1,0 п.п. за вкупниот пораст, во согласност со зголемувањето на рафинериските цени со одлуките на РКЕ од 28 мај и 11 јуни 2007 година). Инаку, во најголем дел од преработувачките гранки беа забележани стабилни производствени цени, додека многу помал дел од нив забележаа минимални поместувања. Дополнителен минимален придонес за вкупниот пораст на цените на производителите имаше и енергетскиот сектор (пораст од 1,7%), додека производствените цени во рударскиот сектор имаа минимален негативен ефект.

Порастот на цените на производителите на индустриски производи, на месечна основа, услови нивно зголемување на годишна основа за 1,0% и минимално интензивирање на просечната стапка на раст, која во првата половина на 2007 година достигна 0,7%. Најголемо инфлаторно влијание на кумулативна основа имаа повисоките цени на енергијата (придонес од 1,4 п.п., поради повисоката цена на електричната и топлинската енергија). Цените во преработувачкиот сектор делуваа во насока на делумно ублажување на вкупниот пораст на производствените цени, под влијание на ефектот од пониските цени на производителите на нафтени деривати. Сепак, цените на производителите на прехранбени производи и пијалаци, градежни материјали и основни метали, кои се дел на преработувачкиот сектор, и натаму бележеа пораст.

По намалувањата на месечното производство во април и мај, во јуни 2007 година, *вкупниот обем на индустриското производство*[2] повторно забележа пораст

[1] Претходни податоци на ДЗС.
[2] Претходни податоци на ДЗС.

на месечна основа од 6,6%. Зголеменото производство во целост произлезе од позитивните движења во преработувачкиот сектор (зголемување на производството од приближно 10%), при пораст на производството во 80% од преработувачките гранки. Доминантен фактор за порастот во овој сектор претставуваше нафтената индустрија, која во јуни го надмина минатомесечното производство за 4 пати, но ваквите движења произлегоа од ниската споредбена основа од претходниот месец[3]. Значаен придонес имаше и производството на електрични машини и апарати, кое беше за 2,7 пати повисоко во однос на претходниот месец, како и зголеменото производство на тутунски производи и облека. Енергетскиот и рударскиот сектор и натаму бележеа слаби остварувања на месечна основа, поради ремонтите во две термоелектрани, што услови и намалена екстракција на камен јаглен и лигнит (главно наменет за една од термоелектраните), така што овие сектори и во јуни имаа негативен ефект врз вкупното индустриско производство.

И покрај позитивната месечна стапка на раст, дојде до засилување на падот на индустриското производство на годишна основа, кој во јуни достигна 7,1% и главно се должеше на намаленото производство на електрична енергија, облека и нафтени деривати. Истовремено, кумулативната стапка на раст од 6,3% во мај се сведе на 3,6% во јуни, при негативна годишна стапка на раст на индустријата од 2,5% во вториот квартал на 2007 година. И натаму носител на кумулативниот раст беше зголеменото производство на основни метали, како и натамошниот интензивен раст на производството на градежни материјали (производи од други неметални минерали), кои во првата половина на годината бележеа високи кумулативни стапки на раст. Производството на прехранбени производи и пијалаци забележа солидна стапка на раст од 5,5% и имаше значаен придонес како доминантна гранка. Во вториот квартал, во тутунската индустрија беа забележани негативни годишни стапки на раст (што се совпаѓа со парцијалното зголемување на цената на цигарите од април 2007 година, поради зголемувањето на акцизните давачки), што воедно доведе до негативна кумулативна стапка на раст на оваа гранка, во првата половина од годината. Генерално набљудувано, пораст на производството беше забележан кај половина од преработувачките гранки, кои создадоа 53% од вкупното производство на преработувачката индустрија. Кај останатите беше забележано намалување на производството, а доминантно негативно влијание имаа производството на електрични машини и апарати и на облека. Во рамки на рударскиот сектор, позитивен придонес и натаму имаше единствено зголемената екстракција на метални руди. Во првата половина на 2007 година, најизразено негативно влијание врз вкупното индустриско производство имаше продлабочувањето на падот на производството на електрична енергија, кој достигна 14,1%.

Графикон 2
Индустриско производство
(во %)




Извор: Државен завод за статистика.

[3]Поради генералниот ремонт на производствените капацитети во мај 2007 година.

## II. Монетарни движења

Во јуни 2007 година, *примарните пари*[4] на месечна основа забележаа зголемување од 4,3%, како резултат на истовремениот пораст на *побарувачката на готови пари* и на *вкупните ликвидни средства на банките*[5].

Во текот на месецот, *девизните трансакции на НБРМ*[6] (реализиран нето-откуп на девизи на девизниот пазар) и *денарските депозити на државата кај НБРМ* делуваа во насока на креирање ликвидност, која во најголем дел беше стерилизирана преку *монетарните инструменти* и *готовите пари во оптек.* Во јуни 2007 година, банките издвоија 3,7% над обврската за задолжителна резерва (во денари)[7], што претставува историски најнизок вишок на ликвидност, во однос на обврската за задолжителна резерва (намалување за 5,1 процентен поен во однос на претходниот пресметковен период).

Табела 1
Текови на креирање и повлекување ликвидност*
(во милиони денари)

| | 31.05.2007 | 30.06.2007 | 30.06.2007/31.05.2007 |
|---|---|---|---|
| | состојби во милиони денари | | промени во милиони денари |
| **Ликвидни средства на банките (сметка на банките кај НБРМ)** | 6.861 | 7.455 | **594** |
| ***Креирање ликвидност*** | | | **4.088** |
| 1. Нето домашна актива | -66.935 | -62.901 | 4.034 |
| *од тоа:* | | | |
| Денарски депозити на државата кај НБРМ /1 | -14.637 | -13.725 | 912 |
| Благајнички записи на НБРМ | -13.784 | -15.095 | -1.311 |
| Државни записи за монетарни цели | -7.166 | -8.082 | -916 |
| Останати ставки, нето | -21.056 | -21.337 | -281 |
| 2. Готовина во благајна на банките | 1.644 | 1.590 | 54 |
| ***Повлекување ликвидност*** | | | **-3.494** |
| 1. Нето девизна актива | 90.799 | 87.790 | -3.009 |
| 2. Готови пари во оптек | 15.359 | 15.844 | -485 |

/1 Исклучени се државните записи за монетарни цели.
* Позитивна промена-креирање ликвидност; негативна промена-повлекување ликвидност.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во услови на намалување на максималната каматна стапка од страна на Министерството за финансии[8], каматната стапка на државните записи (со рочност од три месеци) забележа интензивен месечен пад, по што следеше намалување и на каматната стапка на благајничките записи на НБРМ. Така, во јуни 2007 година, просечната пондерирана каматна стапка на тримесечните државни записи изнесуваше 5,41% (6,16% во претходниот месец), додека на аукциите на благајнички записи на НБРМ беше остварена просечна пондерирана каматна стапка од 4,90% (5,04% во мај 2007 година).

Графикон 3
Просечни каматни стапки на благајничките записи на НБРМ и на државните записи
(во %)




Извор: НБРМ и Министерство за финансии.

Во јуни 2007 година, монетарниот агрегат М1 забележа пораст од 1% на месечна основа, што во услови на намалување на депозитните пари (за 0,6%), во целост се должи на зголемената побарувачка на готови пари (месечен пораст од 3,2%). Ваквите движења, надополнети со интензивниот пораст на вкупните депозити доведоа до месечен пораст кај пошироките монетарни агрегати М2 и М4 од 2,7% и 2,6%, соодветно. На годишна основа (јуни 2007 година / јуни 2006 година), пошироките монетарни агрегати М2 и М4 беа повисоки за 31,4% и 32,2%, соодветно, што делумно се должи на пониската споредбена основа од јуни 2006 година[9].

---

4 Анализата се однесува на примарните пари без задолжителната резерва на девизните депозити.
5 Ја содржи готовината во благајна и средствата на сметката на банките кај НБРМ.
6 Намалувањето на нето девизната актива на НБРМ (прикажано во Табела 1) се должи на падот на девизните депозити на државата кај НБРМ заради предвремената отплата на долгот кон Светската банка.
7 Како период на одржување (исполнување) на обврската за задолжителна резерва на банките се смета периодот од 11. ден во тековниот месец до 10. ден во следниот месец. Вишокот се однесува на средствата издвоени на сметката на банките кај НБРМ над обврската за задолжителна резерва.

8 На аукцијата на тримесечни државни записи, одржана на 19.06.2007 година, максималната каматна стапка изнесуваше 5,60%, наспроти 6,35% на последната аукција одржана во мај 2007 година.
9 Во јуни 2006 година, заради откупот на државни акции, беше забележан значителен одлив на депозити на корпоративниот сектор од банкарскиот систем, што услови месечно намалување на вкупните депозити и умерен месечен пад кај пошироките монетарни агрегати.

Табела 2
Монетарни агрегати и нивните компоненти
(во милиони денари)

| | 30.06.2007 година | месечна промена | годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | во % | во % |
| Готови пари во оптек | 15.844 | 3,2 | 8,7 |
| Депозитни пари | 20.475 | -0,6 | 26,5 |
| ***Монетарен агрегат М1*** | 36.319 | 1,0 | 18,0 |
| Краткорочни денарски депозити | 48.389 | 6,0 | 72,4 |
| ***Монетарен агрегат М2-денарски дел*** | 84.708 | 3,8 | 44,0 |
| Краткорочни девизни депозити | 62.001 | 1,2 | 17,4 |
| ***Монетарен агрегат М2*** | 146.709 | 2,7 | 31,4 |
| Немонетарни депозити | 8.443 | 1,0 | 48,4 |
| -денарски | 4.888 | 4,4 | 50,2 |
| -девизни | 3.555 | -3,2 | 46,1 |
| ***Монетарен агрегат М4*** | 155.152 | 2,6 | 32,2 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во текот на јуни 2007 година, *депозитната база на банките* продолжи да расте и на месечна основа се зголеми за 3.545 милиони денари, или за 3,1%. Основна улога во создавањето дополнителен депозитен потенцијал на банките и понатаму имаше штедењето на приватниот сектор на краток рок, од чиј пораст произлегоа 97,5% од месечната промена на вкупните депозити. Од аспект на валутата во која приватниот сектор преферира да штеди, доминантен придонес од 83,1% во порастот на вкупните депозити имаа денарските депозити. Притоа, во услови на истовремен пораст на депозитите на населението и претпријатијата, секторската анализа покажа поголем придонес на корпоративниот сектор во месечната промена на вкупната депозитна база. На годишна основа (јуни 2007 година / јуни 2006 година), стапката на пораст на вкупниот депозитен потенцијал на банките изнесуваше 37,3%[10].

Графикон 4
Динамика на депозитите
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во јуни 2007 година, *вкупните кредити на банките пласирани кај приватниот сектор*, беа повисоки за 3.955 милиони денари, или за 3,9% на месечна основа. Според анализата на рочноста, 71,6% од порастот на вкупните кредити на банките произлезе од долгорочното задолжување на приватниот сектор. Од аспект на валутата, придонесот на денарските кредити[11] и понатаму ја задржа доминантата позиција во порастот на кредитната активност на банките, додека според секторската распределба, позначаен корисник на кредити и понатаму остана корпоративниот сектор (со придонес од 60,3% во месечниот пораст на вкупните кредити). Во јуни 2007 година, годишната стапка на пораст на вкупните кредити на банките кај приватниот сектор изнесуваше 32%.

Графикон 5
Пласмани на банките по сектори
(во милиони денари)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во јуни 2007 година, во доменот на *каматната политика на банките* не беа забележани позначајни промени. Така, просечната пондерирана активна каматна стапка на денарските кредити за сите рокови и сектори, во јуни 2007 година, изнесуваше 10,2%, што претставува намалување за 0,1 процентен поен во однос на претходниот месец, додека просечната пондерирана пасивна каматна стапка на денарските депозити за сите рокови и сектори беше повисока за 0,1 процентен поен на месечна основа и изнесуваше 4,8%.

[10] Високиот годишен пораст на вкупните депозити на банките делумно ја одразува пониската споредбена основа од јуни 2006 година (види фуснота 9).

[11] Ги вклучуваат и денарските кредити со девизна клаузула.

Графикон 6
Пондерирани каматни стапки и маргини на банките*
(во %, на годишно ниво)




Извор: Народна банка на Република Македонија.
*Се однесуваат на денарски кредити и депозити за сите рочности и сектори, при што се вклучени и денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

Во јуни 2007 година, просечните пондерирани активни и пасивни каматни стапки на девизните кредити и депозити за сите рокови, сектори и валути изнесуваа 8,4% и 1,9%, соодветно, и во однос на претходниот месец не забележаа промени.

## III. Надворешнотрговски и девизни движења

Во јуни 2007 година, вкупната *надворешнотрговска размена*[12] изнесуваше 529,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголеми за 7,9%, при идентичен пораст на двете ставки на размената. Имено, во јуни 2007 година, *извозот на стоки* достигна историски највисоко месечно ниво во последните десет години, во износ од 229,1 милион евра и, воедно, оствари месечен пораст од 7,9%, што произлезе пред сè од зголемениот извоз на облека и текстил, тутун, обувки и железо и челик. Во споредба со истиот месец од претходната година, извозот беше повисок за 40,5%, што главно беше резултат на зголемениот извоз на железо и челик и нивни производи, облека и текстил, обувки, руди и тутун. Во јуни 2007 година, *увозот на стоки* изнесуваше 300,3 милиони евра и во однос на мај 2007 година, оствари пораст од 7,9%. Анализирано по производи, ваквиот пораст на увозот произлезе од зголемувањето забележано кај увозот на руди, минерални горива, шеќер и производи од шеќер и фармацевтски производи. На годишна основа, увозот беше поголем за 12,1%, при што позначајно учество во порастот имаше зголемениот увоз на руди, возила, опрема и електрични машини.

[12] Претходни податоци на НБРМ. Извозот на стоки е прикажан на f.o.b. основа, додека увозот на стоки е прикажан на c.i.f. основа.

Графикон 7
Надворешнотрговска размена на Република Македонија
(во милиони евра)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Истовремениот пораст на двете компоненти на надворешнотрговската размена доведе до продлабочување на трговскиот дефицит од 7,9%, на месечна основа. Притоа, во јуни 2007 година, стапката на покриеност на увозот со извоз беше непроменета, во однос на претходниот месец, и изнесуваше 76,3%.

Во периодот јануари - јуни 2007 година, вкупната надворешнотрговска размена изнесуваше 2.842,2 милиона евра и во однос на истиот период од претходната година, беше поголема за 27,3%, при истовремен пораст на двете категории на размената. Имено, извозот на стоки во анализираниот период забележа кумулативен пораст од 39,8% и изнесуваше 1.177,7 милиони евра. Ваквиот пораст беше резултат главно на зголемениот извоз на железо и челик и нивни производи за 2,2 пати, а потоа и на

зголемениот извоз на облека и текстил, руди, обувки, храна и пијалаци. Во периодот јануари - јуни 2007 година, вкупниот увоз на стоки изнесуваше 1.664,5 милиони евра и, во однос на истиот период од 2006 година, забележа пораст од 19,7%, што главно се должи на повисокиот увоз на железо и челик и нивни производи, руди, возила, опрема и електрични машини. Во периодот јануари - јуни 2007 година, во споредба со истиот период од 2006 година, беше остварен трговски дефицит од 486,8 милиони евра, кој на годишна основа беше понизок за 11,2%. Притоа, стапката на покриеност на увозот со извоз се зголеми за 10,2 процентни поена и изнесува 70,8%.

Во јуни 2007 година, вкупниот промет на *девизниот пазар* изнесуваше 481,7 милиони евра и на месечна основа се намали за 8%. Во услови на поинтензивен пад на понудата од побарувачката на девизи (за 18,9% и 3,7%, соодветно), нето-продажбата на девизи од страна на банките кон претпријатијата се зголеми за двапати. Притоа, НБРМ на девизниот пазар оствари нето-откуп на девизи од 36,1 милион евра, кој беше за 17,2% помал во однос на претходниот месец. Во периодот јануари - јуни 2007 година, нето-откупот на девизи на девизниот пазар од страна на НБРМ изнесуваше 213,2 милиона евра. На 30.06.2007 година, *бруто девизните резерви* достигнаа 1.418,4 милиони евра и на месечна основа се намалија за 3,2%, што главно се должеше на предвремената отплата на долгот кон Светската банка.

Во јуни 2007 година, прометот на *менувачкиот пазар* изнесуваше 120,2 милиона евра и во однос на претходниот месец се намали за 2,2%. Притоа, во услови на истовремено намалување на понудата и на побарувачката на девизи (од 2,3% и 1,7%, соодветно), беше остварен нето-откуп во износ од 57,3 милиони евра, што претставуваше месечен пад од 2,7%. На кумулативна основа, во периодот јануари - јуни 2007 година, нето-откупот на менувачкиот пазар достигна 325,9 милиони евра, што претставуваше пораст од 19,2% во споредба со истиот период од минатата година.

Графикон 8
Движење на вкупниот промет на девизниот и на менувачкиот пазар
(во милиони евра)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

*Девизниот курс на денарот* во однос на еврото на девизниот пазар беше стабилен и на 30.06.2007 година изнесуваше 61,17 денари за едно евро (на крајот на мај се разменуваа 61,19 денари за едно евро). Девизниот курс на денарот во однос на американскиот долар, на крајот на јуни 2007 година, изнесуваше 45,42 денара за еден американски долар и во однос на крајот на претходниот месец апрецира за 0,4% (на крајот на мај се разменуваа 45,60 денари за еден американски долар).

Графикон 9
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на еврото и на американскиот долар на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

На 30.06.2007 година, *надворешниот долг*[13] *на Република Македонија врз основа на долгорочни кредити и заеми* изнесуваше 1.646,8 милиони евра и, во однос на претходниот месец, се намали за 68,3 милиони евра што се должеше на поголемиот износ на платени обврски (отплата на долгот кон Светската банка). Така, вкупните платени обврски во јуни 2007 година изнесуваа 106,7 милиони евра (од кои 101,3 милиони евра се главница, а 5,5 милиони евра камата). Истовремено, беа користени средства во износ од 33,9 милиони евра од кои поголемиот дел отпаѓаше на јавниот сектор (53%). На 30.06.2007 година, вкупниот долгорочен

[13] Претходни податоци на НБРМ.

долг на приватниот сектор изнесуваше 634 милиони евра и на месечна основа оствари пораст од 12,9 милиони евра. Ваквата месечна динамика во целост беше условена од задолжувањето на небанкарскиот приватен сектор (учество од 77,1%). *Краткорочниот надворешен долг,* на месечна основа, се зголеми за 7,2 милиона евра и изнесуваше 123,5 милиони евра. Во јуни 2007 година беа склучени кредити во износ од 4,3 милиони евра и тоа во целост од страна на приватниот сектор, од кои 74,9% беа склучени на долг рок.

# Прилог табели

## Движења во реалниот сектор во Република Македонија

**Табела 1**
Трошоци на живот и цени на мало

| | VI.2007 / V.2007 | VI.2007 / VI.2006 | I-VI.2007 / I-VI.2006 |
|---|---|---|---|
| | | во % | |
| **Трошоци на животот** | **-0,1** | **1,3** | **0,9** |
| Исхрана | -0,8 | 1,1 | 0,7 |
| Тутун и пијалаци | 0,0 | 2,1 | 1,1 |
| Облека и обувки | 0,0 | 0,8 | 1,4 |
| Домување | 0,0 | 6,0 | 5,5 |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 0,0 | 6,3 | 4,1 |
| Огрев и осветление | 0,0 | 7,9 | 8,3 |
| Хигиена и здравје | 0,4 | 1,0 | 0,2 |
| Култура и разонода | -0,3 | 2,4 | 3,3 |
| Сообраќајни средства и услуги | 0,7 | -3,7 | -4,6 |
| Ресторани и хотели | 0,0 | 3,1 | 3,3 |
| Останати услуги неспомнати на друго место | 0,0 | 11,7 | 4,4 |
| *Стоки* | *-0,2* | *1,9* | *1,4* |
| *Услуги* | *0,1* | *-0,6* | *-0,9* |
| **Цени на мало** | **0,1** | **2,6** | **2,0** |
| Земјоделски производи | -2,7 | 3,9 | -1,3 |
| Непрехранбени индустриски производи | 0,5 | 3,8 | 2,8 |
| Индустриско - прехранбени производи | 0,1 | 0,7 | 0,8 |
| Пијалаци (алкохолни и безалкохолни) | 0,0 | 0,4 | 0,5 |
